# ГОРДАНА ХАЏИ НИКОЛОВА



"Во сите величествени форми со кои се изразува вајарството, делува живата средишна сила и таа судбински неумоливо слично како гравитацијата приморува експресивните површини да се вртат околу неа"

Ели Фор

Историјата на вајарството, тоа е историја на човечката фигура, на човечкото лице преку кое уметникот во различни времиња го изразува својот однос кон духовните вредности и естетскиот идеал.

Скулптурите кои ги претставува на својата прва самостојна изложба Гордана Хаџи-Николова ја нарече « МОИТЕ ЛИКОВИ ». Тоа се ликови преку кои таа ги материјализира своите интимни духовни содржини кои од време на време мораат да добијата форма и да го покажат своето постоење. Нејзините ликови имаат карактер на архетипови чија идентификација ни ја олеснуваат насловите со кои ги именува : војник, чувар, гласник, мајка, монах, момче, другар… Скриени некаде длабоко во потсвеста овие ликаат излегуваат на удирот на нејзиното длето во својата најчиста и најискрена форма, со едноставни, мирни и чисти површини.

Пресудната улога ја игра чувството за материјал, во овој случај дрвото, неговата структура и влијанието кое природно го врши на целата пластична постапка и изразот на делото. Од подножјето на парчето дрво кое грубо е обработено со длето, се ослободува фигурата која со својата совршено мазна површина остава впечаток како да се лизнала од грубата материја и се преторила во форма исчистена од излишните детали, стилизирана и беспрекорно измазнета, постапката во вистинската смисла на зборот означува « раѓање на формата ».

На некои скулптури има обоени површини, особено златата боја. Нејзината примена укажува на намерата обработката на ликот да се поврзе со византиската традиција, каде што златната боја означува духовна подлога во визуелното претставување на делото. Познавајќи ја природата на дрвото како материјал и бирајќи го за сојузник во своето уметничко создавање, Гордана успева своите идеи да ги претвори во видливо пластична осмислена целина, која има свој живот и длабока човечка смисла.

Покрај афинитетот кон дрвото како избран материјал, Гордана во својата работа употребува и метал. Таа металот не го доживува како студен материјал кој бара исклучителен напор за облекување. Напротив, таа со исклучителна леснотија ги конструира скулптурите од метални шипки од кои е направена и птицата која доминира со галерискиот простор. Оваа чудесна фигура направена "во два потези", заварена на две места, забодена во основата преку умешно пронајденото тежиште, ни зборува за самата уметничка, дека физичкиот напор не претставува тешкотија во присуство на духовната сила.

Зорица Лојпур Богдановски

"In all the magnificent forms through which the sculpture expresses itself the life mean force acts and inexorably just like the gravity this force makes the expressive surfaces go round it."

Elie Faure

The history of sculpture, is the history of man's figure, of man's face through which the artist in different times expresses his attitude towards spiritual values and aesthetic ideal.

Gordana Hadzi – Nikolova calls the sculptures that she presents on her first individual exhibition " MY CHARACTERS ". They are characters through which she materializes her intimate spiritual contents that from time to time have to be given a form and to show their existence. Her characters have personalities of archetypes whose identification is made easier by the names that she has given to them: a soldier, a keeper, a messenger, a mother, a monk, a boy, a friend…. Hidden somewhere deep in the subconsciousness these characters come out with every stoke of her chisel in their purest and most honest form, with simple, still and clear surfaces.

The crucial role is played by the sense of material, in this case it is the wood, its structure and influence that is naturally done on the whole plastic procedure and the expression of the work. From the bottom of the piece of wood which is roughly tilled with the chisel, a figure sets free with its perfectly smooth surface and creates impression as if it has slipped from the rough material and has turned into a form cleaned of the unneeded details, stylized and immaculately polished, the procedure represents " the birth of the form" in the literal meaning of the word.

Some of the sculptures have coloured surfaces, especially with gold colour. Its use indicates the intention to connect the treatment of the character with the Byzantium tradition, where the gold colour represents religious base of visual representation of the work. Knowing the nature of the wood as a material and choosing it for her ally in her artistic creation, Gordana succeeds in turning her ideas into visually plastic justified whole, which has its life and deep human meaning.

Apart from the affinity towards wood as her chosen material, Gordana in her work also uses metal. She doesn't treat the metal as a cold material which needs exceptional effort to be shaped. On the contrary, she constructs her sculptures made of metal bars with exceptional ease, as in fact is made the bird which dominates the gallery space. This marvelous figure made " in two strokes ", welded in two places, pounded in the base with skillfully found center, speaks for the artist herself, that the physical effort doesn't represent difficulty in the presence of religious strength.

Zorica Lojpur Bogdanovski

**GORDANA HADZI – NIKOLOVA**
was born in Gevgelija in 1978. She finished School of Applied Art " Lazar Licenoski "in Skopje, in 1995. She graduated at the Faculty of Fine Art, in Skopje, in 1999. At the moment she is attending her postgraduate studies at the Faculty of Fine Art.
phone. ++ 389 (0) 34 218 018



**ГОРДАНА ХАЏИ - НИКОЛОВА**
е родена на 13 јуни 1976 година во Гевгелија.
Основно образование завршува во Гевгелија, а средно уметничко училиште во Скопје 1995. Потоа студира на Факултет за ликовни студии
во Скопје, каде што дипломира 2000 година во класата на професорот Драган Поповски-Дада. Живее и работи во гевгелија.
тел. ++ 389 (0)34 218 018











Издавач: Младински културен центар, кеј "Димитар Влахов" б.б. 1000 Скопје, Р. Македонија, тел ++ 389 (0)2 115-508, За издавачот: Лидија Неделковска, Галерија; Уредник: Зорица Лојпур Богдановски, Гордана Хаџи-Николова, самостојна изложба 06 - 20 ЏИИ 2001 година, Предговор во каталогот: Зорица Лојпур Богдановски, Превод на англиски: Благица Блажевска, Фотографии: Од архивата на авторот, Дизајн: Маринко Бороевиќ, Изложбата е реализирана со подршка на Министерство за култура на Република Македонија, Благодарност до спонзорите: "Златен даб" - Прилеп, Хотел "Југо" - Гевгелија, "Зора" - Гевгелија

